# Склучени нови договори за користење на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013

Со објавувањето на четвртиот јавен повик за доставување на барања за користење средства од ИПАРД Програмата 2007-2013 година, до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој беа доставени 60 барања за користење на средствата за трите мерки од оваа програма:

- мерка 101, Инвестиции во земјоделски стопанства со цел нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија,
- мерка 103, Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделските производи со нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на ЕУ и
- мерка 302, Диверзификација и развој на руралните економски активности.




По обработката на барањата, согласно процедурите за евалуација и одобрување Агенцијата ги повика апликантите чии проекти за користење на средства од оваа програма се одобрени и во тек е склучувањето на договорите за кофинансирање.

Вкупната вредност на инвестициите за кои се очекува да се склучат договорите за кофинансирање од овој јавен повик изнесува околу 1.9 милион евра или кофинансирање во висина од околу еден милион евра.

Најмногу проекти се одобрени во мерката 101 и мерката 103, поточно во подсекторот овоштарство за модернизација на постоечките овошни насади, набавка на системи за наводнување капка по капка односно набавка на опрема (мулчери, атомизери, прскалки за заштита и друга приклучна механизација), како и за модернизација на преработувачките капацитети, набавка на современа опрема (вклучително и софтвер) за преработка на земјоделски производи со што инвеститорите преку достигнување на стандардите на ЕУ воедно ќе ја зголемат конкурентноста на сопственото производство.

По претходно објавените три јавни повици, Агенцијата склучи вкупно 103 договори за инвестиции со вкупна вредност од над 12 милиони евра, односно кофинансирање од околу 6 милиони евра.

Со потпишување на договорите од четвртиот јавен повик, вкупната вредност на прифатливи инвестиции ќе изнесува над 14 милиони евра, односно очекуван вкупен износ за кофинансирање од околу 7 милиони евра.

На 09 декември 2011 година заврши рокот за поднесување барања за користење на средства од ИПАРД Програмата по петтиот јавен повик, трет за 2011 година. Во тек е обработката на пристигнатите 90 барања за користење на средства по овој јавен повик и тоа 52 барања за мерката 101, 14 барања за мерката 103 и 24 барања за мерката 302.

На овој јавен повик забележан е зголемен интерес за мерката 302, особено за инвестиции за воспоставување на преработувачки капацитети во рурални средини и инвестиции за градење на угостителски објекти, сместување на отворено (кампови) и капацитети за рекреација со цел развој на селскиот туризам.




Врз основа на заклучоците од последниот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство покрена иницијатива за измени на ИПАРД Програмата во функција на поголем опфат на корисници и трошоци кои би биле кофинансирани со програмата.